# Програма за работа, активности, цели и задачи за Управен одбор 2023-2027

Сметководството не е само обично собирање и одземање, тоа е основата и јазикот на една компанија. Да не ги прифаќаме условите такви, какви што се , туку да дадеме се од себе, да се промени на подобро професијата од која сме дел.

Институтот на сметководители и овластени сметководители ќе работи во интерес на унапредување на професијата. Ќе биде секогаш на страната на своите членови, помагајќи да се стекнат со нови знаења или усовршувања, што ќе им помогнат во работењето, а со тоа да си го подобрат и својот стандард, но и да бидат почитувани, бидејќи сметководствената професија носи големи одговорности.

1. **Главни цели на Институтот ќе бидат :**
   - Институтот да ја зајакне својата позиција како институција и достојно да ги застапува своите членови
   - Да се следат сите новитети во технологијата и сметководствената професија, но и прилагодување на истите според потребите
   - Да се овозможи лојална конкуренција и вистинскиот сметководител да си го добие своето место во општеството
   - Да се зацврстат односите на членовите, време е лицата во сметководствената професија да бидат едно семејство, но сепак да се почитуваат различностите
   - Организирање на семинари и конгреси, кои ќе помогнат во доградувањето на знаењата на сметководителите
   - Соработка со професионални организации во земјата и странство, се со цел размена и стекнување на нови искуства, кои ќе бидат од интерес на сметководителите
   - Организирање на семинари за млади кадри, се со цел да стимулираат младите луѓе да ја сфатат важноста на сметководството и да се определат тоа да биде нивна идна професија
   - Тарифник за сметководствени услуги
2. **План за активности :**
   - Најпрво да се изработи основен план за зајакнување на позицијата и влијанието на Институтот
   - Да се инвестира во современа технологија и се она што ќе ја подигне сметководствената професија
   - Да се изгради професионален однос кон сите законодавни тела, но сепак со постојано потенцирање на важноста на сметководството и застапување и бранење на интересите на професијата

- Овозможување бесплатна едукација и часови за сите членови, како и соработка со професионални организации, се со цел да се подигне нивото на сметководствента професија
- Да се направи истражување на пазарот, да се утврди потребата од сметководствени услуги, но и квалитетот на она што се нуди од страна на сметководителите. Како професија да си ги заштитиме нашите права, да го наплатиме она што го нудиме, но од друга страна да го оправадаме со давање на висококвалитетни услуги.

3. **Програма за работа :**
   - Зајакнување на Институтот како институција, зајакнување на управувањето, почитување на правила, процедури, прописи на работење
   - Истражување за состојбата на сметководствената професија, анализирање и изнаоѓање решенија за подигање, но и вреднување на сметководствената професија
   - Подигнување на квалитетот и професионалнаноста во сметководствената професија, преку постојани обуки и семинари
   - Создавање професионален кадар, кој точно ќе ги знае правта и обврските кој произлегуваат од работењето, но и превземање посериозни мерки кога значајно е нарушен квалитетот на сметководстената услуга
   - Преведување на меѓународни стандарди, но и водење сметка истите да бидат имплементирани во работата на сметководителите
   - Достапност на информации до сите членови на Институтот, како и детално образложение за финансиското управување и трошоците на Институтот
   - Контрола на квалитетот на акредитирани субјекти кои имаат право да спроведуваат континуирано професионално усовршување
   - Ревизија на работењето на Институтот, пред се со цел да се подигне довербата на членството кон истиот
   - Организирање балкански форум од областа на сметководство и ревизија
   - Соработката со универзитетите во земјата, како и зголемување на практиканството во процесот на образование
   - Спроведување на испит за стекнување статус овластен сметководител, почнувајќи од изготвување на програма за полагање на испит, организирање испити, спроведување на истите со предходно избрана комисија која ќе раководи со истиот, изготвување на прирачници и материјали кои ќе помогнат во процесот на полагање на испит за стекнување лиценца како овластен сметководител.

Скопје, 24.03.2023

**Кандидат за Управен одбор**

**Благица Кузмановска**

Б. Кузмановска